ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ВМРО – ДПМНЕ - ВМРО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО
# СМЕТКА ЗА РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

**01 2021 04 02**

**Скопје, јуни 2022 година**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 15 |
| Финансиски извештаи за 2020 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 16 |
| Биланс на состојба | 17 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 18 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 19 - 25 |
| - Сметководствени политики | 26 - 28 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 28 - 35 |

Прилог број 1 – Известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог број 2 – Одговор на известување на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

ВМРО – ДПМНЕ - ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ
РСМ – Република Северна Македонија
ДИК - Државна изборна комисија
ДЗР - Државен завод за ревизија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 13-204/5
**Дата:** 17.06.2022

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР


### Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО-ДПМНЕ - ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство на сметката за редовно работење за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година, изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење за 2019 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2019 година, при што е утврдено дека дадена е една препорака и истата не е спроведена, од причина што спроведувањето на истата зависи од конечната одлука по завршување на постапката поведена пред надлежните органи.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2020 година, констатиравме состојба која се однесува на забрана за привремено располагање со дел од имотот на политичката партија преку поведена постапка, која влијае на проценетата вредност на дел од недвижниот имот искажан во Билансот на состојба, за што овластениот државен ревизор извести и во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2019 година.

За утврдените состојби дадена е препорака до одговорните лица во партијата со цел преземање мерки за надминување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојби кои се однесуваат на неизмирени обврски спрема добавувачите кои потекнуваат од минати години, за структурата на изворите на финансирање од аспект на учеството на приватните и јавните извори на финансирање и спроведени сметководствени корекции во текот на ревизијата.

Во делот останати прашања ревизијата ги истакна системските слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување, за кои во повеќе наврати Државниот завод за ревизија обелодени преку своите годишни извештаи, а кои се однесуваат на:

- потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија;
- со измените и дополнувањата на Изборниот законик во 2018 година, изменет е член 71, со што додадена е можност на трансакциската сметка за изборна кампања да се депонираат средства од сметката на политичката партија за редовно работење и од посебните сметки за средствата обезбедени од кредит, поради што потребно да се дополни член 26 од Законот за финансирање на политичките партии со кој ќе се уреди преносот на средствата од сметката за редовно работење на партијата и од посебните сметки за средствата обезбедени преку кредит на трансакциска сметка отворена за изборен процес;
- во услови на дадена законска можност за финансирање на изборната сметка со донации на политичката партија потребно е допрецизирање на член 83 од Изборниот законик, во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства;
- потребно е да се преземат активности за изменување и дополнување на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции";
- да се донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно;
- доуредување на законската регулатива во делот на утврдување на роковите за одделни активности поврзани со начинот на планирање, распределба и исплата на средствата од редовно годишно финансирање на политичките партии и

- да се утврди пречистен текст на Законот за политичките партии и Законот за финансирање на политичките партии.

Од страна на одговорното лице добиено е Известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истото е разгледано и констатирано е дека истото претставува образложение за причините за непостапување по дадената препорака.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО-ДПМНЕ - ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство на сметката за редовно работење, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2020 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ВМРО - ДПМНЕ за 2019 година при што изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапуван од:

- д-р Христијан Мицковски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ од 23.12.2016 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.11.2021 до 15.12.2021 година, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- Татјана Димитровска, помошник на главниот државен ревизор (по овластување) и овластен државен ревизор;
- м-р Мирјана Бошкоска Тасевска, виш ревизор и овластен државен ревизор и
- Али Тахири, помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење за 2019 година, при што е утврдено дека дадената препорака не е спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 21.12.2021 година.

Од страна на одговорното лице добиено е Известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 13-204 од 13.05.2022 година. Известувањето се однесува на делот во Резимето и тоа за статусот на спроведувањето на препораката дадена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2019 година, истото е разгледано и констатирано е дека претставува образложение за причините за непостапување по дадената препорака.

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Овластениот државен ревизор во конечните извештаи од извршените ревизии во минати години, извести за судската постапка поведена од страна на надлежните органи во месец октомври 2018 година, со која на ВМРО-ДПМНЕ му се забранува дел од недвижниот имот/градежни објекти со вредност во износ од 1.172656 илјади денари, сопственост на партијата, да го отуѓува, става под хипотека и располага со давање под закуп, се до завршување на постапката пред надлежниот орган.

Забраната за привремено располагање со дел од имотот на политичката партија преку поведената постапка влијае на проценетата вредност на дел од недвижниот имот искажан во Билансот на состојба, согласно член 14 од Законот за сметководството на непрофитните организации. Во деловните книги во 2020 година вредноста на имотот е зголемена за пресметаната ревалоризација во износ од 20.526 илјади денари.
Истакнуваме дека до денот на вршење на ревизијата, нема промени во однос на текот на постапката поведена пред надлежните органи, односно истата е сеуште во тек.

**Препорака:**
Одговорните лица на ВМРО-ДПМНЕ по завршување на постапката поведена пред надлежните органи, да преземат мерки и активности за соодветно искажување на недвижниот имот во Билансот на состојба.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесениот наод во точката 4.1. се однесува на евидентирањето на дел од градежните објекти за кои е поведена постапка пред надлежен орган како и неутврдена вредност на земјиштето со кое располага политичката партија.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ВМРО-ДПМНЕ - ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ - ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во конечните ревизии за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со усогласеност на ВМРО ДПМНЕ за претходни години, Овластениот државен ревизор извести дека политичката партија во деловните книги има искажано обврски спрема добавувачи по основ на промет на стоки и услуги, од кои дел се пренесени салда од минати години.

Имено, ВМРО-ДПМНЕ во своите деловни книги на ден 31.12.2020 година има искажано неизмирени обврски спрема добавувачи во вкупен износ од 316.407 илјади денари, од кои 143.947 илјади денари или 45,49 % се постари од три години, за кои не е даден предлог за постапување односно отпис.

Дел од наведените обврски се пренесени обврски од сметките на изборните кампањи од минати години во вкупен износ од 143.324 илјади денари или 98% од вкупните обврски кои се постари од три години.

Со цел подмирување на обврските, одговорното лице на ВМРО-ДПМНЕ почнувајќи од 2018 година па се до денот на известување од извршената ревизија има склучено договори/спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски и плаќање на рати со 20 добавувачи, во вкупен износ од 177.520 илјади денари, врз основа на кои заклучно со 31.12.2020 година исплатени се средства во вкупен износ од 42.029 илјади денари. Констатиравме дека со 9 добавувачи во целост се регулирани обврските согласно склучените договори/спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски.

Истакнуваме дека, како последица од непочитување на роковите за навремено исполнување на обврските, поради остварување на парично побарување по барање на еден доверител, врз основа на извршна исправа, во периодот од 24.09.2020 до 25.12.2020 година беа блокирани сите расположливи средства кај носителите на платен промет каде што должникот ВМРО-ДПМНЕ има сметки.

Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505-Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските.

За неизмирените обврски во вкупен износ од 316.407 илјади денари беа испратени 19 конфирмации во износ од 164.106 илјади денари, што претставува 52% од вкупните обврски, за кои се добиени следните повратни информации:

- не се добиени одговори од 15 комитенти за износ на обврски од 44.734 илјади денари и
- добиени се одговори од 4 комитенти за износ на обврски од 117.372 илјади денари, од кои од кои 1 добавувач ја потврдува и 3 добавувачи не ја потврдуваат сметководствената состојба од кои во позначителен износ е еден коминтент со обврски во вкупен износ од 114.075 илјади денари кој

достави податок дека согласно неговата сметководствена евиденција, побарувања од партијата се во износ од 124.282 илјади денари.

Со примена на ревизорски техники констатиравме дека разликата во износ од 10.207 илјади денари се обврски кои се постари од три години, потекнуваат од изборни кампањи од минати години и истите партијата не ги води во сметководствената евиденција.

6.2. Законот за финансирање на политичките партии[1] ги уредува изворите, приходите и расходите на политичките партии, како и начинот на кој се врши надзорот и контролата на нивното финансирање. Средствата за редовно работење на политичките партии се остваруваат од јавни извори за финансирање, со средства од Буџетот на РСМ и од приватни извори на финансирање: членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал.

Со донесувањето на Законот за финансирање на политичките партии[2] во 2004 година, вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии беа утврдени во висина од 0,06% од вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ, додека со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките парии[3] од 2018 година истите се зголемени на 0,15% од изворните приходи на Буџетот на РСМ. Поради епидемијата со COVID 19, во јуни 2020 година со Уредбата со Законска сила за финансирање на политичките партии[4] процентот од изворните приходи е намален на 0,04%, за да во декември 2020 со Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките парии[5] процентот за финансирање на политичките партии за 2020 и 2021 година е утврден во висина од 0,105% од изворни приходи на Буџетот на РСМ.

Со извршените ревизии за период 2018-2020 година, констатиравме дека ваквите законски измени влијаат врз структурата на приходите на политичките партии, прикажани одделно во графиконот подолу:

[1] „Службен весник на Република Македонија "број 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20)
[2] „Службен весник на Република Македонија" број 76/04
[3] „Службен весник на Република Македонија" број 140/18
[4] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 166/20
[5] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20

000 денари




Со анализата на вкупните приходи по видови на извори на финансирање, констатиравме дека учеството на јавното финансирање од Буџетот на РСМ на редовното работење на ВМРО-ДПМНЕ бележи тренд на опаѓање во 2020 година што е за 32% помалку во однос на 2019 година кое се должи на намалување на процентот за годишно финансирање на политичките партии, како и намалување на вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ како резултат на влијанието на здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19. Исто така се забележува и тренд на значително зголемување на учеството на приватните извори на финансирање (донации) во вкупните приходи на партијата.

Структурата на расходите на партијата во нареден период се очекува да биде променета, имајќи ја предвид измената на член 83 став 2 алинеја 1 од Изборниот законик, каде извор на финансирање на изборната кампања, меѓу другите извори се и средствата од редовната сметка на политичката партија.

6.3. Овластениот државен ревизор во Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО-ДПМНЕ во минати години во континуитет обелоденува состојба која и до денот на известување од извршената ревизија е непроменета, а која се однесува на евидентирани 271 уметнички слики во деловните книги во вкупен износ од 23.889 илјади денари, врз основа на склучен договор со странско лице, за кои не биле доставени фактури од авторот на сликите, иако согласно склучениот договор обврзувачко било истите да се доставаат заклучно до 30.06.2017 година, врз основа на кои и би се извршило плаќањето.

6.4. Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица во ВМРО-ДПМНЕ прифатени и спроведени се корекции кои предизвикуваат зголемување на активата и пасивата во вкупен износ од 395 илјади денари и тоа по основ на:

- извршени корекции за погрешно искажана амортизација на материјални средства во износ од 395 илјади денари, спроведени со налог за книжење број 4 од 20.12.2021 година и
- извршени корекции по основ на спроведено прекнижување од сметката на градежни објекти на сметката на земјиште во износ од 6.701 илјада денари, кои имаат влијание врз активата и пасивата, спроведени со налог за книжење број 4 од 20.12.2021 година.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 9 од Законот за финансирањето на политичките партии, политичките партии средствата за годишно финансирање од Буџетот на РСМ можат да ги користат исклучиво за остварување на своите цели утврдени со закон, статут и други акти на партијата.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година[6] во член 83 став 2 алинеа 1 уредено е дека изборната кампања може да се финансира, меѓу другите извори и од средства од редовната сметка на политичката партија. Имајќи ја предвид оваа одредба, укажуваме дека дадена е законска можност, средствата добиени од Буџетот на РСМ за финансирање на редовното работење на политичките партии да се користат како финансиски средства со кои ќе се покриваат трошоци на учесниците во изборните кампањи.

Ревизијата смета дека потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија од причина што ваквата законска измена на Изборниот законик создава ризик средствата од Буџетот на РСМ за финансирање на редовното работење на партиите согласно Законот за финансирање на политичките партии да не се користат исклучиво за остварување на цели на партијата во редовното работење туку да се користат за финансирање на изборните кампањи.

7.2. Со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на РМ" број 140/18) извршени се измени во член 71, со што во став 7 додадена е можност на трансакциската сметка за изборна кампања да се депонираат средства од сметка на политичката партија за редовно работење и од посебните сметки за средствата обезбедени преку кредит, без да се прецизира рокот и начинот за враќање на истите, доколку трансферираните

[6] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20

средства не се извор на финансирање на изборната кампања, согласно член 83 од Изборниот законик.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии во 2018 година[7] во член 26 уредено е дека политичката партија може да врши пренос на средствата помеѓу своите сметки (сметка за редовно работење и сметка за кредити). Имајќи го предвид член 71 став 7 од Изборниот законик, ревизијата укажува дека потребно да се дополни член 26 од Законот за финансирање на политичките партии со кој ќе се уреди преносот на средствата од сметката за редовно работење на партијата и од посебните сметки за средствата обезбедени преку кредит на трансакциска сметка отворена за изборен процес.

7.3. Согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, донациите претставуваат приватни извори на финансирање на политичките партии, додека во член 16 од наведениот закон е уреден износот на поединечната донација и тоа:

- физички лица до висина од 30 просечни нето плати во Републиката и
- правни лица во висина од 60 просечни плати во Републиката,

исплатени во претходниот месец и објавени од Државниот завод за статистика, кој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 16.02.2020 година, во член 83 уредено е дека изборната кампања може да се финансира и од:

- донации на политичка партија,
- физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност и
- правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност.

Ревизијата укажува дека во услови на дадена законска можност за финансирање на изборната сметка со донации на политичката партија потребно е допрецизирање на член 83 од Изборниот законик, во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства.

7.4. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на политичките партии во минати години, овластениот државен ревизор извести дека водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи и доставувањето на финансиските извештаи на политичките партии се уредени со Законот за

[7] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 140/18

сметководството за непрофитните организации[8], за кој е потребно надлежните институции да преземат активности за изменување и дополнување, и тоа:

- согласно член 13 од наведениот закон признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Имено, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај политичките партии е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите/расходите во пресметковниот период се подразбира дека истите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
- Поради наведените алтернативни критериуми за расположливоста на приходите (сврзникот „или„) ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки во однос на рокот на нивната расположливост и евидентирање и подзаконски акти за воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и обрасците за подготвување на финансиските извештаи донесени се подзаконски акти и тоа:
  - ✓ Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[9] и
  - ✓ Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[10].

Во наведените правилници, пропишани се сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа".

Надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции".

7.5. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, членарината е предвидена како дел од приватни извори на финансирање на

[8] „Службен весник на Република Македонија" број 24/03, 17/11 и 154/15
[9] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/05
[10] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/05, 11/06

политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Овој износ поединечно по член, согласно член 14 од истиот закон, за период од една година „не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Републиката во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика“. Приходите од членарина кај дел од партиите, се регулирани со интерни акти каде се пропишани висината на членарината, начинот на плаќање и уплата, како и начинот на нивното евидентирање во деловните книги.

Имајќи ги во предвид одредбите на член 33 став 2 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020) со кој како извор на финансирање на изборната кампања е утврдена и „членарина на политичка партија“, од една страна и не секогаш воспоставена целосна и соодветна евиденција во деловните книги за висината на членарината по член на партијата за соодветен известувачки период, вкупните приходи на име членарина за соодветен известувачки период и висината на пренесените средства од редовната сметка на сметката за изборна кампања за одреден изборен процес од друга страна упатува на потребата од доуредување на наведената состојба.

Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање на членарината, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно, вклучувајќи го и финансирањето на изборната кампања за одреден процес.

7.6. Со Законот за финансирање на политичките партии се уредува начинот на планирање, распределба и исплата на средствата за редовно годишно финансирање на политичките партии. Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 30% кои се обезбедени од буџетот на РСМ се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од гласовите на избирачите на последните избори за пратеници во Собранието на РСМ, на државно ниво или на последните локални избори во единицата за локална самоуправа. Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 70% обезбедени од буџетот на РСМ, се распоредуваат на политички партии чии што кандидати се избрани за пратеници во Собранието на РСМ, сразмерно со бројот на избрани пратеници и на политички партии чиишто кандидати се избрани за советници на последните локални избори, сразмерно со бројот на избрани советници.

Согласно законот, ДИК е должна да достави до Министерството за правда листа на политички партии кои освоиле најмалку 1% од гласовите на избирачите на последните одржани избори за пратеници во Собранието на РСМ, на државно ниво или на последните одржани локални избори во секоја општина и во Град

Скопје, на ниво на општина односно на ниво на Град Скопје. По доставување на наведените податоци, од страна на Министерството за правда се донесува Решение за распоредување на средства за финансирање на политичките партии од Буџетот на РСМ по чие изготвување се врши исплата на средствата.

Со извршениот увид во одредбите од законот утврдивме дека не се пропишани рокови во кои Министерството за правда треба да донесе одлука за распоредување/исплаќање на средствата за политичките партии во текот на годината. Исто така, не е пропишан рок во кој ДИК треба да ја достави листата на политички партии кои добиле најмалку 1 % од гласовите на изборите за пратеници во Собранието на државно ниво или на последните локални избори како и листата до Министерството за правда на пратеници од политичките партии избрани за Собранието на државно ниво и листа на советници од политичките партии избрани на локалните избори на државно ниво.

Наведената состојба предизвикува политичките партии да не можат да ги планираат приходите од Буџетот на РСМ, да ги усогласат планираните активности со изворите на средства, ниту пак да ги внесат во сметководствените книги и да преземат мерки за наплата на побарувањата од Министерството за правда.

За надминување на утврдената состојба, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на законската регулатива во делот на утврдување на временската рамка за горенаведените активности, за која состојба овластениот државен ревизор извести и во конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на Основниот Буџет на РСМ за 2020 година.

7.7. Правната рамка со која се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии и начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии се темели на два закони и тоа Закон за политичките партии[11] и Закон за финансирање на политичките партии.

Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија истите се повеќе пати менувани и дополнувани и не постојат пречистени текстови.

Ревизијата смета дека е потребно Собранието на Република Северна Македонија да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на РСМ да утврди пречистен текст на горенаведените законски акти и истите терминолошки да ги усогласи со уставот и со правниот систем.

[11] „Службен весник на Република Македонија“ број 76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики | 3.1.1. | 1.404 | 530 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.2. | 108.026 | 87.043 |
| Приходи од кирии и закупнини | 3.1.3. | 740 | 738 |
| Други приходи | 3.1.4. | 6 | 1.860 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година | 3.1.5. | 3.736 | 12.701 |
| **Вкупно приходи** | | **113.912** | **102.872** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги, амортизација | 3.2.1. | 31.257 | 21.653 |
| Други расходи | 3.2.2. | 22.076 | 54.023 |
| Пренесени средства | 3.2.3. | 43.147 | 15.000 |
| Капитални и други средства | 3.2.4. | 4.548 | 268 |
| Плати и надоместоци на плати | 3.2.5. | 7.523 | 7.706 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.6. | 170 | 505 |
| **Вкупно расходи** | | **108.721** | **99.155** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **5.191** | **3.717** |

## ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7.095 | 4.894 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 4.1.2. | 123 | 448 |
| Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси | 4.1.3. | 498 | 498 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 456.189 | 481.213 |
| **Вкупно тековни средства** | | **463.905** | **487.053** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални и нематеријални средства | 4.2.1. | 1.172.656 | 1.174.637 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.172.656** | **1.174.637** |
| **Вкупна актива** | | **1.636.561** | **1.661.690** |
| **Пасива** | | | |
| **Краторочни обврски и ПВР** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 316.407 | 332.596 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.2. | 2.763 | 2.569 |
| Обврски за плати | 4.4.3. | 1.275 | 691 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 9.125 | 5.203 |
| **Вкупно краткорочни обврски и ПВР** | | **329.570** | **341.059** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 1.138.124 | 1.160.181 |
| Ревалоризациона резерва | 4.5.2. | 34.533 | 14.456 |
| Долгорочни обврски | 4.5.3. | 134.334 | 145.994 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.306.991** | **1.320.631** |
| **Вкупна пасива** | | **1.636.561** | **1.661.690** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

## ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ

### ПРЕГЛЕД
### НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Деловен фонд | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2020 година | **1.160.181** | **14.456** | **1.174.637** |
| **Зголемување по основ на:** | - | **22.217** | **22.217** |
| Ревалоризација на набавна вредност | - | 22.217 | **22.217** |
| **Намалување по основ на:** | **22.057** | **2.140** | **24.197** |
| Амортизација | 21.662 | - | **21.662** |
| Ревалоризација на исправката на вредност | | 2.140 | |
| Корекции по ревизија спроведени во 2020 година | 395 | | |
| **Состојба 31.12.2020 година** | **1.138.124** | **34.533** | **1.172.657** |

## 1. ВОВЕД

Политичката партија ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (во натамошниот текст ВМРО-ДПМНЕ)е формирана со Одлука за основање на Основачкото собрание одржано на ден 17.06.1990 година. Партијата е запишана со Решение на Собрание на град Скопје, Градски секретаријат за внатрешни работи - Скопје од 05.08.1990 година како и во регистарот на општествените организации – здруженија на граѓани и во регистарот на Основниот суд Скопје I Скопје.

Согласно Законот за политички партии[1] и Законот за судовите[2], во 2006 година извршена е првата пререгистрација на партијата, за што е добиена Потврда од Основниот суд Скопје I Скопје со Рег.бр.14 од 17.01.2006 година. Во 2011 година извршена е втората пререгистрација и добиена е Потврда од Основниот суд Скопје II Скопје број ЕРПП-5/2007 од 03.05.2011 година, со што е извршено усогласување на партијата ВМРО-ДПМНЕ со Законот за изменување и дополнување на законот за политички партии. Во 2015 година, од страна на претседателот на партијата, донесена е Одлука за усогласување – пререгистрација на ВМРО-ДПМНЕ во Регистарот на политички партии при Основен суд Скопје II-Скопје, број 01-11/10 од 28.01.2015 година.
Во 2016 година, од страна на претседателот на партијата, донесена е Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ВМРО-ДПМНЕ[3] (измените се однесуваат на промена на адресата на седиштето на партијата и предвидување на Партиски истражувачко аналитички центар а ВМРО-ДПМНЕ, како предвидена можност во Законот за политички партии за формирање на такво тело). Извршените измени се запишани во Судскиот регистар на политички партии под ПП бр.6/16 и во Единствениот судски регистар на политички партии под ЕРПП бр.5/07, за што е донесено е Решение од Основен суд Скопје II-Скопје РПП бр.8/16[4] од 24.08.2016 година.
На седница на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, на ден 21.07.2020 година е донесена Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ВМРО-ДМПНЕ и е утврден пречистениот текст на Статутот на ВМРО-ДПМНЕ[5].

ВМРО-ДПМНЕ има својство на правно лице со матичен број 4171616.
Седиштето на ВМРО-ДПМНЕ е во Скопје, на Плоштад ВМРО број 1.

---

[1] „Службен весник на РМ" бр.76/2004, 5/2007, 8/2007, 5/2008, и 23/13
[2] „Службен весник на РМ" бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и одл. Уст.суд 39/12
[3] број 01-118/1 од 15.06.2016 година
[4] заведено во ВМРО-ДПМНЕ под број 01-219/1 од 24.08.2016 година
[5] 02-457/2 од 21.07.2020 година

## 1.1. Организација на партијата

Согласно Статутот на ВМРО-ДПМНЕ од 2016 година, партијата се организира според територијалниот принцип во земјата и надвор од неа. Својата дејност и активност партијата ја остварува преку местни организации, како организациони единици врз територијален принцип. Со секоја местна организација на партијата раководи и управува комитет. Комитетот може да биде: градски комитет на ВМРО-ДПМНЕ –Скопје, општински комитети и општински поткомитети, местни комитети како  и задгранични комитети на ВМРО-ДПМНЕ за Европа, Австралија, Америка и Канада. Партијата основа младинска организација-Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ, како и други унии и асоцијации согласно Статутот.

Согласно одредбите од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ од јуни 2021 година, својата дејност и активност партијата ја остварува преку локални организациони единици кои го носат називот комитет (организациони единици оформени врз територијален принцип). Комитетите можат да бидат организирани во Градски комитет-Скопје, Општински комитет, Општински поткомитет, Месен комитет, Комитет на избирачко место и Задграничен комитет.

## 1.2. Цели и задачи на партијата

ВМРО-ДПМНЕ преку својата дејност се залага за:
- развој и просперитет на независна и суверена Македонија;
- воздигнување на достоинството и духовните вредности на македонскиот народ, граѓаните на Република Македонија и Македонската држава;
- правна држава, доследно спроведување на законите и правните процедури и самостојност во одлучувањето на судовите;
- пазарно стопанство и приватна сопственост како темели на економскиот систем;
- слободно здружување на граѓаните во партиски и непартиски организации и здруженија;
- слобода на говорот и печатот, спротивставување на секаков вид политичко туторство врз новинарството, цензурата и интервенционизмот во новинарските прилози;
- гарантирање на правата на Македонците кои живеат надвор од границите на Република Македонија, согласно Уставот и меѓународните документи;
- вклучување на Македонија во Европската унија и НАТО и
- други дејности.

Согласно Статутот на ВМРО-ДПМНЕ од 2021 година, основни цели и задачи на партијата се:
- развој на независна, самостојна, граѓанска и демократска држава;

- заштита на достоинството и културното наследство на македонскиот народ и на заедниците во рамките на унитарната држава;
- воспоставување на владеење на правото како темелен принцип на политичкиот систем;
- гарантирање и почитување на човековите и граѓанските слободи и права и еднаквоста на луѓето во нивното уживање;
- заштита на слободата на говорот и слободата на информирањето, како и спротивставување на политичко влијание врз медиумите;
- негување на политички плурализам и слободни и демократски избори;
- заложба за слобода на пазарот и претприемништвото и заштита на приватната сопственост;
- заштита на правата на Македонците кои живеат надвор од државните граници во согласност со Уставот и меѓународните документи и акти;
- почитување на општо прифатените норми на меѓународното право;
- вклучување во Европската Унија и во НАТО и
- билатерална и мултилатерална соработка со партиите со конзервативна и сродна ориентација, особено во рамките на Европската народна партија,
- и други дејности.

## 1.3. Органи на политичката партија

Во Статутот на ВМРО-ДПМНЕ се содржани одредби за органите на политичката партија, начинот на нивниот избор и отповикување, траењето на мандатот и начинот на одлучувањето. Органи на ВМРО-ДПМНЕ се:

- Конгрес;
- Претседател;
- Централен комитет;
- Извршен комитет;
- Статутарна комисија;
- Надзорна комисија за финансиско -материјално работење и
- Конвенција за избор на кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за Претседател на Република Македонија.

Со одредбите од Статутот од јуни 2020 година, Органи на партијата се:

- Конгрес,
- Претседател,
- Централен комитет,
- Извршен комитет,
- Статутарна комисија,
- Комисија за надзор на финансиско-материјалното работење,
- Партиски суд на честа,
- Републички изборен штаб и

- Конвенција за избор на кандидат за претседател на државата.

Конгресот е највисок орган во партијата и него го сочинуваат членовите на Централниот комитет и членовите на Извршниот комитет. Конгресот може да биде редовен или вонреден. Редовниот конгрес се одржува на четири (4) години.
Конгресот ги врши следните активности: донесува Деловник за работа, избира Комисија за верификација на мандатот на делегатите на конгресот и ги верифицира нивните мандати; избира работно претседателство, избира изборна комисија; донесува програма и програмски документи, донесува и врши измени и дополнување на Статутот го разгледува и го усвојува извештајот за материјално-финансиското работење на партијата, избира претседател на партијата, избира претседател и судии на Партискиот суд на честа, избира претседател и членови на Статутарната комисија и избира претседател и членови на Комисијата за надзор на финансиско-материјалното работење на партијата, утврдува и донесува партиски симболи и донесува одлуки и други акти .

Претседателот ја претставува и ја застапува партијата; претседава со седниците на Извршниот комитет донесува акти во делокругот на своите надлежности се грижи за спроведување на Статутот, програмата и другите акти на партијата активно учествува во креирањето на политиката на партијата склучува договори и потпишува акти и други документи овластува потписници на жиро-сметката на партијата номинира кандидати за потпретседатели и генерален секретар на партијата и предлага нивно разрешување, номинира кандидати за членови на Извршниот комитет и предлага нивно разрешување формира Совет и Кабинет на претседателот на партијата формира Кабинет на претседателот на партијата и за својата работа поднесува извештај пред Централниот комитет еднаш годишно.

Централен комитет е политички орган на партијата меѓу два конгреса и истиот утврдува предлог-програма и предлог-статут, донесува, односно врши измена и дополнување на програмата и на Статутот меѓу два конгреса, избира и разрешува претседавач на Централниот комитет, избира и разрешува потпретседатели, генерален секретар, членови на Извршниот комитет на партијата, донесува одлуки и други акти од својата надлежност.

Извршниот комитет е политичко-извршен орган на партијата, со кој раководи претседателот на партијата.
По функција, членови на Извршниот комитет се претседателот/потпретседателите, генералниот секретар, претседателите на Унијата на млади сили и на Унијата на жени и претседавачот на Претседателството на Унијата на ветерани, како и координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Извршниот комитет дејствува врз основа на политичките насоки, заклучоци и задачи на Конгресот и на Централниот комитет. Извршниот комитет за својата работа одговара пред

Централниот комитет. Извршниот комитет донесува Деловник за работа на Извршниот комитет донесува одлука за основање на општински комитети, општински поткомитети и Градски комитет – Скопје, донесува одлука за основање на други тела и органи на партијата во зависност од потребите и задачите, го разгледува финансиското работење на партијата и ја усвојува годишната /завршната сметка и годишниот финансиски извештај, утвдцува предлог-кандидати за пратеници и градоначалници и донесува одлуки, заклучоци и други акти. Извршниот комитет може да го запре извршувањето на одлуките и на другите акти на општинските комитети, на општинските поткомитети, на Градскиот комитет- Скопје, на униите и на другите тела и органи на партијата, доколку се во спротивност со Статутот и другите акти на партијата, и за тоа го известува Централниот комитет.

Генералниот секретар на партијата, на предлог на претседателот на партијата, се избира од Централниот комитет.

Генералниот секретар раководи со Секретаријатот на партијата кој го сочинуваат организациони секретари и потсекретари.

Во работата на Секретаријатот може да учествуваат и по еден претставник од Унијата на млади сили, Унијата на жени и на Градскиот комитет-Скопје.

Статутарна комисија која се состои од претседател и од четири члена го изработува Статутот на партијата врши измени и дополнувања, пречистен текст и толкување на Статутот.

Комисијата за надзор на финансиско-материјалното работење на партијата се состои од претседател и четири члена и го следи материјалното и финансиското работење на органите, на телата и на функционерите на партијата.

Партиски суд на честа на предлог на претседателот на партијата го избира Конгресот. Партискиот суд на честа е партиски орган кој одлучува во втор степен, по жалба на одлуките на општинските комитети и на Извршниот комитет на партијата, при изрекување на дисциплински мерки.

Републичкиот изборен штаб е оперативно-извршен орган на партијата, кој што се формира со одлука на Извршниот комитет на партијата, најдоцна три месеци пред одржување на избори.

Републичкиот изборен штаб ги презема сите неопходни мерки и активности за организација и за водење на политичката кампања на партијата за време на избори.

Работата и функционирањето на Републичкиот изборен штаб завршува со завршувањето на изборите.

## 1.4. Органи на партијата на локално ниво

Својата дејност и активност партијата ја остварува преку локални организациони единици кои го носат називот комитет (организациони единици оформени врз територијален принцип). Комитетите можат да бидат организирани во:

- Градски комитет-Скопје;
- Општински комитет;
- Општински поткомитет;
- Месен комитет;
- Комитет на избирачко место и
- Задграничен комитет.

Партиски истражувачко-аналитички центар на ВМРО-ДПМНЕ - „Љубиша Георгиевски" – ПИАЦ се основа како дел од внатрешната организација на партијата. ПИАЦ дејствува и има надлежности во согласност со Законот за партиски истражувачко-аналитички центри. Претседателот на партијата донесува акт за назначување на раководител и вработени во ПИАЦ. Со актот за назначување се утврдува и месечниот надоместок кој ќе го добиваат раководителот и вработените на ПИАЦ за својата работа. Начинот на работа на ПИАЦ се уредува со Деловник за работа на ПИАЦ, кој го донесува Извршниот комитет, на предлог на раководителот на ПИАЦ.

На шеснаесеттиот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ одржан на 22.12. и 23.12.2017 година во Валандово, за Претседател на партијата е избран Христијан Мицкоски.

ВМРО-ДПМНЕ своето работење го извршува согласно законската регулатива, како и интерно донесените акти:

- Статут на ВМРО-ДПМНЕ (пречистен текст) број 02-193/1 од 29.07.2016 година;
- Статут на ВМРО-ДПМНЕ (пречистен текст) број 02-193/1 од 21.07.2021 година
- Изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ 2014 – 2018 година;
- Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ВМРО ДПМНЕ од 21.07.2020 година;
- Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ВМРО ДПМНЕ од 21.07.2020 година;
- Одлука за утврдување на висината на надоместокот на членарината за 2014 година број 02-20/1 од 21.02.2014 година, со прилог Упатство за уплата на членарини за редовното работење на ВМРО-ДПМНЕ;
- Правилник за финансирање на ВМРО-ДПМНЕ број 03-1071/1 од 24.12.2018 година и
- други интерни акти.

## ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО – ВМРО-ДПМНЕ
## ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Во согласност со одредбите од Законот за политичките партии и Законот за финансирање на политичките партии, средствата за работа на политичките партии се обезбедуваат од јавни и приватни извори на финансирање. Јавните извори за финансирање на политичките партии се финансиски средства предвидени со Буџетот на Република Македонија. Приватни извори на финансирање на политичките партии се: членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства (донации), легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал и сопствени приходи согласно со наведениот закон.

ВМРО-ДПМНЕ своето финансиско работење го врши преку следните сметки:

- денарска сметка основна 200-0016439833-46, Стопанска банка АД Скопје;
- денарска сметка за кредит 300-0000040354-30, Комерцијална банка, Скопје;
- денарска сметка на Партиско Истражувачкиот Аналитички Центар (ПИАЦ) 200-0032951790-38, Стопанска банка АД Скопје (отворена на ден 08.05.2018) и
- Виза бизнис картичка на Стопанска банка, отворена на ден 01.11.2018 година.

Во 2020 година, функционираат девизни партии за ЕУР, и УСД со ИД број 2071760 и тоа:

- девизна EUR 200-0019304083-41, Стопанска банка АД Скопје;
- девизна EUR 200-0018516265-90, Стопанска банка АД Скопје и
- девизна USD 200-0029340862-56, Стопанска банка АД Скопје.

Овластени потписници на сметките за 2020 година се:

1. **денарска сметка – сметка за редовно работење**
   - Христијан Мицкоски;
   - Игор Јанушев од до 28.10.2020 година и
   - Ѓорѓија Сајкоски од 28.10.2020 година.

2. **денарска сметка ПИАЦ** (од ден 08.05.2018)
   - Галески Луке;
   - Игор Јанушев до 23.11.2020 и
   - Стефан Андоновски од 23.11.2020 година

3. **денарската сметка за кредит:**
   - Христијан Мицкоски и
   - Игор Јанушев од 26.03.2018 година.

4. **девизни сметки:**
   - Христијан Мицкоски и
   - Игор Јанушев од 15.03.2018 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Признавање на приходи и расходи**

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи, во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело за непрофитните организации, односно модифицирано настанување на деловните промени (трансакции).

Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени значи приходите да се признаат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

2.2. Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

2.3. Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции значи расходите да се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

2.4. Расходите кои не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

2.5. Во расходи не влегуваат: подароците или на друг начин преотстапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средства, отпишаните побарувања и други вонредни расходи кои се искажуваат на товар или во полза на капиталните средства.

**Утврдување на состојбата на билансните позиции**

2.6. Проценувањето на билансните позиции се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции.

2.7. Непрофитните организации ги водат оние сметки на кои во текот на тековната година ќе се појават финансиски трансакции односно промени, како и оние сметки на кои постои почетна состојба на почетокот на

фискалната година, побарувањата, состојбата и движењето на средствата, обврските и изворите на средствата.

2.8. Долгорочните и краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност утврдена врз основа на куповната цена, зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоци за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност односно на трошоците за набавка.

2.9. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во номинален износ, а во странска валута по курсот на НБРМ на денот на билансирањето.

2.10. Побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

2.11. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицира како расход и се отпишува еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

2.12. Отписот на вредноста на долгорочните средства се спроведува со праволиниска метода на отпис, со примена на годишни стапки пропишани од министерот за финансии.

2.13. Основицата за отпис на долгорочните средства е набавната, односно ревалоризираната вредност на долгорочните средства.

2.14. Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.15. Материјалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење на дејноста.

2.16. Ситниот инвентар се отпишува еднократно во целина при набавката.

2.17. Обврската за отпишување не се однесува на следниве долгорочни средства:
- земјиштата и шумите;
- градежните објекти и предметите кои во согласност со законот се прогласени за културно, историско или уметничко значење и книгите во библиотеките;
- долгорочните средства до нивното ставање во употреба;

- долгорочните средства кои трајно се надвор од употреба и
- другите долгорочни средства, чија што употреба не е временски ограничена.

2.18. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат средствата и изворите на финансирањето.

2.19. Непрофитните организации вршат ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) со индексот на пораст на цените на производителите на индустриски производи. Ревалоризацијата се врши на крајот на годината (годишна ревалоризација) и во текот на годината за вложувањата на средствата за расходуваните, продадените или на друг начин отуѓени средства со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи на денот на отуѓување на средствата.

2.20. Резултатот од ревалоризацијата на долгорочните средства се пренесува во корист или на товар на изворите на средства. Во 2020 година стапката на ревалоризација изнесува 0,018%

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Приходи од камати и позитивни курсни разлики

Оваа позиција во 2020 година искажана е вредност од 1.404 илјади денари ( 2019 година – 530 илјади денари) која се однесува на вратени средства по основ на наплатена камата по извршно судско решение.

### 3.1.2. Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори

На оваа позиција во 2020 година искажани се приходи во износ од 108.026 илјади денари ( 2019 година – 87.043 илјади денари), кои се однесуваат на:

- приходи од членарини во вкупен износ од 832 илјади денари (2019 година – 1.238 илјади денари) од кои 1.876 илјади денари се пренесени од трансакциската сметка за изборна кампања за предвремените парламентарни избори во 2020 година;
- приходи од донации од правни и физички лица во вкупен износ од 59.845 илјади денари од кои 41.271 илјади денари се пренесени од трансакциската сметка за изборна кампања за предвремените парламентарни избори кои се одржаа во 2020 година.

- приходи од Министерство за правда[6] за редовно годишно финансирање на политичката партија во вкупен износ од 41.121 илјади денари;
- приходи од Министерство за правда[7] за партиско истражувачко – аналитички центри (ПИАЦ) во вкупен износ од 5.626 илјади денари и
- приходи од поврат на средства од сметката за изборна кампања во износ од 602 илјади денари кои се однесуваат на услуга за рекламирање на Фејсбук, платени од редовната сметка од партијата.

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Приходи од членарини | 13 | 1.238 |
| Приход од членарини / аналитка по лица | 819 | |
| Приходи по донации | 59.845 | 1.800 |
| Приходи Министерство за правда по решениеза редовно годишно финансирање | 41.121 | 63.053 |
| Приходи Министерство за правда по решение за редовно годишно финансирање на ПИАЦ | 5.626 | 5.607 |
| Приходи од одобрен кредит - Комерцијална банка | - | 15.000 |
| Приходи од сметки за кампања | 602 | 345 |
| **Вкупно:** | **108.026** | **87.043** |

### 3.1.3. Приходи од кирии и закупнини

На оваа позиција искажани се приходи во износ од 740 илјади денари (2019 година - 738 илјади денари), кои се однесуваат на приходи остварени од даден деловен простор под закуп согласно склучен договор во 2016 година.

### 3.1.4. Други приходи

На оваа позиција искажани се приходи во износ од 6 илјади денари (2019 – 1.860 илјади денари), кои се однесуваат на средства од поврат на повеќе уплатени средства за кредити во 2018 година.

### 3.1.5. Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година

На оваа позиција се остварени приходи во износ од 3.736 илјади денари (2019 година – 12.701 илјади денари), во висина на пренесен дел на вишокот на приходите од претходна година.

[6] Решение за исплата на финансиски средства за редовно годишно финансирање број 11-1718/1 од 22.06.2020 година
[7] Решение за финансирање на Партиско истражувачко-аналитички центри за 2020 година број 11-1713/1 од 22.06.2020 година

## 3.2. Расходи

### 3.2.1. Материјални расходи, услуги и амортизација

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 31.257 илјади денари (2019 година – 21.653 илјади денари) и се однесува на исплатените средства по следните основи:

- потрошени материјали, кои опфаќаат трошоци за потрошена вода, средства за хигиена и друго;
- потрошена електрична енергија за објектите со кои располага партијата, трошоци за топлинска енергија и потрошено гориво за службените возила ;
- инвестиционо одржување на средствата, кои опфаќаат трошоци за сервисирање и поправка на лифтови, одржување и регистрација на возила;
- други услуги, кои опфаќаат услуги за изработка на рекламен материја и изработка на веб портал;
- превозни - транспортни услуги, кои опфаќаат трошоци за превоз на лица и трошоци за телекомуникациски и поштенски услуги;
- издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, кои опфаќаат трошоци за реклами во весници и списанија во земјата, реклама на телевизија, трошоци за рекламирање на Фејсбук, трошоци за пропаганда по склучен договор за преземање на долг од минати години, и репрезентација и трошоци за угостителски услуги;
- наемнини, кои опфаќаат трошоци за наем на простор и опрема од правни и физички лица и
- други материјални расходи, кои опфаќаат трошоци за исплата за набавка на стручна литература и административни судски такси.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Потрошени материјали | 691 | 2.957 |
| Потрошена енергија | 1.035 | 2.779 |
| Инвестиционо одржување на средствата | 715 | 724 |
| Други услуги | 2.074 | 114 |
| Превозни - транспортни услуги | 1.479 | 3.712 |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 23.148 | 7.907 |
| Наемнини | 2.099 | 2.974 |
| Други материјални расходи | 16 | 486 |
| **Вкупно:** | **31.257** | **21.653** |

### 3.2.2. Други расходи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 22.076 илјади денари (2019 година – 54.023 илјади денари) и се однесува на исплатените средства по следните основи:

- провизија на платен промет, која опфаќа банкарска провизија за платен промет во деловните банки и трошоци за провизија на дознаки;
- камата на кредит и заеми за подигнат кредит од комерцијална банка во минати години;
- премии за осигурување на недвижен објект – седиштето на политичката партија;
- интелектуални и други услуги, кои опфаќаат трошоци за консултантски услуги од странство, сметководствени и финансиски услуги, трошоци за извршители, нотари, адвокати и авторски хонорари и
- останати други расходи кои се однесуваат на расходи од минати години по начелото по модифицираното искажување како и расходи за отплата на главница на подигнати кредити од деловни банки во минати години.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Провизија на платен промет | 53 | 171 |
| Камати за кредити и заеми | 2.053 | 6.888 |
| Надоместоци на трошоци на работници и граѓани | 155 | 163 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | - | 552 |
| Трошоци за сместување по хотели | - | 588 |
| Негативни курсни разлики | 2 | 527 |
| Членарини | - | 210 |
| Интелектуални и други услуги | 5.640 | 10.057 |
| Останати други расходи | 14.173 | 34.867 |
| **Вкупно:** | **22.076** | **54.023** |

### 3.2.3. Пренесени средства

Оваа позиција е проценета во износ од 43.147 илјади денари (2019 година – 15.000 илјади денари) која се однесува на пренесени средства од трансакциската сметка по основ на уплатени членарини и донации на трансакциската сметка за изборна кампања за предвремените парламентарни избори во 2020 година.

### 3.2.4. Капитални и други средства

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 4.548 илјади денари (2019 година - 268 илјади денари), а се однесува на исплатени средства по извршно судско решение за набавка на материјали во минати години.

### 3.2.5. Плати и надоместоци на плати

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените средства за бруто плати за лица вработени во партијата, во вкупен износ од 7.523 илјади денари (2019 година – 7.706 илјади денари). Заклучно со 31.12.2020 година во политичката партија се вработени 11 лица за кои се исплатени средства за бруто плата во износ од 5.531 илјади денари, додека во Партиско истражувачки-аналитички центар (ПИАЦ) се вработени 3 лица за кои се исплатени средства во износ од 1.922 илјади денари.

### 3.2.6. Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените средства по основ на даноци и придонеси, во вкупен износ од 170 илјади денари (2019 година – 505 илјади денари) кои опфаќа платен данок на имот по основ на користење на недвижен имот под наем.

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Актива**

### 4.1. Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 7.095 илјади денари (2019 година – 4.894 илјади денари) и се однесува на

- сметка за редовно работење отворена во Стопанска банка, во износ од 2.694 илјади денари;
- сметка за кредит од Комерцијална банка АД Скопје, во износ од 18 илјади денари;
- сметка за Партиско истражувачки-аналитички центар (ПИАЦ) во износ од 4.260 илјади денари;
- средства на девизна сметка во Стопанска банка во износ од 20 илјади денари и
- парични средства за Виза картица во износ од 103 илјади денари.

Состојбата на сметките на крајот на година е усогласена со последните банкови изводи.

#### 4.1.2. Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 123 илјади денари (2019 година – 448 илјади денари) и се однесува на побарувања за платен аванс за членарина во странска организација од минати години.

#### 4.1.3. Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси

Оваа позиција е проценета во износ од 498 илјади денари (2019 година-498 илјади денари) и се однесува на побарување за повеќе платен данок на даночно непризнати трошоци по завршна сметка за 2019 година.

#### 4.1.4. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 456.189 илјади денари (2019 година– 481.213 илјади денари) и се однесува на неподмирени обврски спрема добавувачите за тековното работење, пренесени обврски за набавени недвижности – деловен простор, обврски за пренесен долг од минати години, пресметан задржан данок, пренесени обврски за закуп на штабови, обврски за кредит, како и обврска за плати, даноци и придонеси од плати.

### 4.2. Постојани средства

#### 4.2.1. Нематеријални и материјални средства

Постојаните средства се проценети во висина од 1.172.656 илјади денари (2019 година – 1.174.637 илјади денари). Зголемувањето на средствата се однесува на пресметаната ревалоризација на долгорочните средства во износ од 0,018% за 2020 година. Пресметувањето на амортизацијата се врши согласно стапките пропишани со Правилникот за сметководството на непрофитните организации.

Состојбата и промените на материјалните и нематеријалните средства во 2020 година се прикажани во следната табела:

во 000 денари

**ПРОМЕНИ КАЈ МАТЕРИЈАЛНИТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2020 ГОДИНА**

| Опис | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Останати средства (книги) | Опрема за сообраќај и за врски (патнички возила и џипови) | Други материјални средства (уметнички слики) | Нематеријални средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=1+2+3+4+5+6+7 |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | | | | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2020 | 36.441 | 1.140.344 | 64.699 | 378 | 5.632 | 23.624 | 729 | 1.271.847 |
| Набавки во текот на 2020 година | | | - | | | | | - |
| Ревалоризација на набавна вредност | - | 20.509 | 1.164 | - | 101 | 425 | 13 | 22.212 |
| Корекции по ревизија спроведени во текот на ревизијата | 6.701 | | | | | | | 6.701 |
| **Вкупни зголемувања:** | 6.701 | 20.509 | 1.164 | - | 101 | 425 | 13 | 28.913 |
| Расходување по попис од 2014 | | - | - | | | | - | - |
| Преотстапени постојани средства | | - | - | | | | - | - |
| **Вкупно намалување** | - | 6.701 | - | - | | - | - | 6.701 |
| Корекции по ревизија спроведени во текот на ревизијата | - | 6.701 | - | | | - | - | 6.701 |
| **Состојба на ден 31. Декември 2019** | 43.142 | 1.154.152 | 65.863 | 378 | 5.733 | 24.049 | 742 | 1.294.059 |
| **Исправка на вредност** | | | | | | | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2020 | - | 50.337 | 32.732 | - | 3.504 | 10.055 | 582 | 97.210 |
| Корекции по ревизија спроведени во 2020 година | | 395 | | | | | | 395 |
| Амортизација за тековната година | - | 11.526 | 6.214 | | 988 | 2.835 | 99 | 21.662 |
| Ревалоризација на исправката на вредност | | 1.108 | 701 | | 81 | 232 | 13 | 2.135 |
| **Состојба на ден 31.Декември 2019** | - | 63.366 | 39.647 | - | 4.573 | 13.122 | 694 | 121.403 |
| **Неотпишана вредност на материјалните и нематеријалните средства 31.12.2020** | 43.142 | 1.090.786 | 26.216 | 378 | 1.160 | 10.927 | 48 | 1.172.657 |
| **Неотпишана вредност на материјалните и нематеријалните средства 31.12.2019** | 36.441 | 1.090.007 | 31.967 | 378 | 2.128 | 13.569 | 147 | 1.174.637 |

Во текот на ревизијата е констатирано дека оваа позиција е искажана во поголем износ за 395 илјади денари, истото е прифатено и спроведени се корекции во текот на ревизијата. Корекциите се инкорпорирани во рекласифицираниот финансиски извештај даден на страна 16 од овој извештај.

## 4.3. Пасива

### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 316.407 илјади денари (2019 година – 332.596 илјади денари) и се однесува на неподмирени обврски спрема добавувачите за тековното работење, пренесени обврски за набавени недвижности – деловен простор, обврски за пренесен долг од минати години, пресметан задржан данок, пренесени обврски за закуп на штабови, обврски за кредит, како и обврска за плати, даноци и придонеси од плати.

### 4.3.2. Обврски спрема државата и други институции, за даноци и придонеси и други обврски

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 2.763 илјади денари (2019 – 2.569 илјади денари) и се однесува на евидентирани обврски за пресметан персонален данок по фактури од странски добавувачи, за пресметан данок од добивка и пресметана камата за вкалкулиран данок за извршени консултантски услуги од странски добавувачи во 2020 година.

### 4.3.3. Обврски за плати

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.275 илјади денари (2019 година – 691 илјади денари), а се однесува на неизмирени обврски за плати, даноци и придонеси од плати на вработени во партијата и за вработени во ПИАЦ за месец декември 2020 година.

### 4.3.4. Пасивни временски разграничувања (ПВР)

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 9.125 илјади денари (2019 година – 5.203 илјади денари) и се однесува на дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година.

## 4.4. Извори на деловните средства

### 4.4.1. Деловен фонд

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.138.124 илјади денари (2019 година – 1.160.181 илјади денари) и се однесува на изворите на средства на деловниот фонд. Прометот во 2020 година се однесува на пресметаната ревалоризација на долгорочните средства и пресметување на амортизацијата согласно стапките пропишани со Правилникот за сметководството на непрофитните организации.
Во текот на ревизијата е констатирано дека оваа позиција е искажана во поголем износ за 395 илјади денари, истото е прифатено и спроведени се корекции во текот на ревизијата. Корекциите се инкорпорирани во рекласифицираниот финансиски извештај даден на страна 16 од овој извештај.

### 4.4.2. Ревалоризациона резерва

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 34.533 илјади денари (2019 година – 14.457 илјади денари) и се однесува на ревалоризација на материјални и нематеријални средства во тековната година и претходни години.

### 4.4.3. Долгорочни обврски

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 134.334 илјади денари (2019 година – 145.994 денари) и се однесува на обврски по земени кредити од страна на ВМРО-ДПМНЕ од Комерцијална банка АД Скопје.

До

Државен Завод за Ревизија

Палата Емануел Чучков

Ул. Јордан Мијалков,

1000 Скопје

ВМРО-ДПМНЕ
(ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство)
Бр 02-313/1
27.05 2022 год.
СКОПЈЕ

Почитувани,

Во врска со Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ВМРО-ДПМНЕ, сметка за редовно работење, ве информираме за следното: единствената препорака поврзана со недвижниот имот кој што е замрзнат со судска одлука, за која во извештајот велите дека не е спроведена, не може да биде спроведена од причина што се уште нема конечна судска одлука . Не постои начин сметководствено да се евидентира нешто за кое што однапред не знаеме како ќе заврши .

Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar më | 30.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| | 13-204/4 | | |

Претседател на
ВМРО-ДПМНЕ

Проф. Д-р Христијан Мицкоски

**Прилог бр.2**

**Одговор**
**на Забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 30.05.2022 година добиено е Известување по Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ВМРО-ДПМНЕ - ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство број 02-313/1 од 27.05.2022 година од страна на Проф. Д-р Христијан Мицкоски - претседател, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-204/4.

Известувањето е разгледано од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **делот „Резиме"** од Нацрт извештајот која се однесува на статусот на спроведувањето на препораката дадена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2019 година дека истата не е спроведена, **претставува образложение** за причините за неможноста од нејзино спроведување, односно дека спроведувањето на истата зависи од конечната одлука по завршување на постапката поведена пред надлежните органи. Со цел транспарентно известување наведеното образложение соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.